ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1003/1
04-03-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 28-та седница одржана на ден 17.02.2026 година донесе:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-3382/1 од 19.12.2025 година, СЕ ЗАПИРА поради тоа што наводите од пријавата не се потврдуваат и не е констатирана повреда на закон.

Предметот со број 08-3382/1 од 19.12.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена пријава од страна на непознат подносител, во која се наведува дека пратеникот ______________ ја нема исполнето законската обврска за поднесување на изјава за имотна состојба и интереси, како и дека ги нема пријавено своите банкарски сметки.

Државната комисија постапувајќи по пријавата изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага, при што констатираше дека лицето ______________ има поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата во законски предвидениот рок од 30 дена по избор на функцијата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

пратеник во ___________________, како и дека во истата има наведено податоци за банкарски сметки за него и за членовите на неговото семејство.

Со оглед дека наводите од пријавата не се потврдуваат и не се констатирани повреди на Законот за спрчување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката..

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б., помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk